МЕД македонско еколошко друштво

# ИНФОРМАТОР #17

Септември 2012

# 4th КОНГРЕС
## НА ЕКОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

# CONGRESS
## OF ECOLOGISTS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION



ПО ПОВОД 40 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕТО НА МАКЕДОНСКОТО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

40

ON THE OCCASION OF THE 40th ANNIVERSARY OF THE MACEDONIAN ECOLOGICAL SOCIETY

12–15 Октомври / October 2012

Ohrid, Macedonia

Развојот и промоцијата на еколошката наука во Македонија се основни профилирачки цели на работата на Македонското еколошко друштво (Друштвото на еколозите на Македонија, Сојузот на друштвата на еколозите на Македонија) уште од неговото основање - иницирано во 1970 година, а дефинитивно формирано во 1972 година. Тие цели, Македонското еколошко друштво ги реализира преку организирање и спроведување проекти, издавање научни и популарни изданија, медиумска промоција, а особено преку организирање научни и стручни собири. Најзначајни научни собири се редовните конгреси на Друштвото. Во првата половина од своето постоење, Друштвото активно учествуваше во организирање на еколошките конгреси во тогашната Југославија, и самостојно го организираше четвртиот југословенски конгрес, одржан во Охрид, 1988 година. Традицијата продолжи и во независна Македонија, така што во втората половина од своето постоење Друштвото организира редовни конгреси на еколозите на Македонија од 1998 година наваму.

Со одржувањето на еколошките конгреси во Македонија се пополни празнината што настана по распаѓањето на Југославија во поглед на презентирање на работата на македонските еколози на научни собири кај нас. Темите на презентираните работи се однесуваат на фундаменталната екологија и науката за животна средина. Со оглед на тоа што бројот на научните работници во овие области во Македонија е релативно мал, конгресите што ги организира Македонското еколошко друштво се со меѓународен карактер и во нив учествуваат научници и експерти еколози и од другите земји во регионот. Целта на овие конгреси е да се согледаат современите научни сознанија во областа на модерната екологија и науката за животна средина. На учесниците на конгресот им е овозможена лесна комуникација, размена на искуства и знаења согласно нивните работни услови на овие простори.

## I КОНГРЕС НА ЕКОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО 20-24.09.1998 година, Охрид, Република Македонија

**Првиот Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество** беше организиран во периодот од 20-24 септември 1998 година во Охрид.

На Конгресот учествуваа повеќе од 200 еколози од Југославија, Хрватска, Бугарија и Македонија. Покрај четирите пленарни предавања, беа презентирани вкупно 177 научни трудови. На првото пленарно предавање беше даден осврт на развојот на екологијата како наука во Република Македонија.

На Конгресот како гостин присуствуваше и претставникот од Европската еколошка федерација, д-р Линус Свенсон од Нордиското еколошко друштво, во својство на претседател на Европската еколошка федерација (ЕЕФ).

Согласно темата и полето на истражување, учесниците преку своите трудови ги прикажаа резултатите и научните достигнувања, групирани во 10 работни секции и тоа:

1. Терестрични екосистеми,
2. Акватични екосистеми,
3. Биодиверзитет, негова заштита, унапредување и рационално искористување,
4. Агроекологија,
5. Еколошки мониторинг,
6. Загадување на животната средина и екотоксикологија,
7. Екологија на населените места,
8. Системи и мерки за заштита на животната средина,
9. Екологија и општеството и местото на институциите во системот и невладините организации,
10. Еколошко образование и воспитание.



Од презентираните трудови, 97 комплетни трудови беа објавени и отпечатени во двата тома на **Зборникот на трудови од I Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество.** Пленарните предавања беа објавени и отпечатени во **Книга на пленарни реферати** како посебно издание.

Од презентираните резултати и покажан интерес од учесниците, очигледно беше дека во Македонија и регионот, во дадениот период интензивно се спроведуваат еколошки истражувања на екосистемско ниво, но дека сè поголем интерес се пројавува и за одредување на причините за загадување на животната средина.

# ИНФОРМАТОР #17

The development and promotion of ecology science in Macedonia have been the basic guiding goals in the work of the Macedonian Ecological Society (The Society of Ecologists of Macedonia, The Union of the Societies of Ecologists of Macedonia) since its foundation – initiated in 1970 and finally established in 1972. The Macedonian Ecological Society endeavours to achieve these goals by way of projects implementation, publishing of scientific and popular publications, media promotions and especially through organization of scientific and professional gatherings. The most significant scientific gatherings are the regular ecological congresses organized by the Society. During the first half of its existence, the Society had been taking active part in the organization of ecological congresses in of the then Yugoslavia, with the fourth Yugoslav congress held in Ohrid in 1988 being organized by the Society itself. This tradition has sustained in independent Macedonia and thus the Society has continued to organize regular congresses of Macedonia's ecologists as of 1998 till present days, i.e. throughout the second half of its existence.

Organization of ecological congresses in Macedonia actually filled in the gap that had occurred upon the breakup of Yugoslavia in terms of presenting the work of Macedonian ecologists at scientific gatherings. The topics of papers presented focus on fundamental ecology and environmental science. Having in mind the relatively low number of scientists in these fields in Macedonia, the congresses initiated by the Macedonian Ecological Society are organized at international scale attended also by scientists and ecological experts from other countries of the Region. The goal of the congresses is to get acquainted with contemporary scientific findings in the area of modern ecology and environmental science. The congress provides the participants with unimpaired communication and exchange of experiences and knowledge in line with the working conditions in the area.

## I CONGRESS OF ECOLOGISTS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION 20-24. 90.1998, Ohrid, Republic of Macedonia

**The First Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with International Participation** was held between 20 and 24 September 1998 in Ohrid. The congress was attended by over 200 ecologists from Yugoslavia, Croatia, Bulgaria and Macedonia. Besides the four plenary sessions, a total of 177 scientific papers were presented. The first plenary session presented an overview of the development of ecology as a science in the Republic of Macedonia.

Dr. Linus Svenson from the Nordic Ecological Society attended the Congress as representative of the European Ecological Federation (EEF), in his capacity of EEF's President.

In line with the topic and field of research, participants presented their findings and scientific achievements in 10 working sections, namely:

1. Terrestrial ecosystems,
2. Aquatic ecosystems,
3. Biodiversity, its protection, promotion and sustainable use,
4. Agro-ecology,
5. Ecological monitoring,
6. Pollution of the environment and eco-toxicology,
7. Urban ecology,
8. Systems and measures for environmental protection,
9. Ecology and society: the role of institutions and NGOs in the system,
10. Ecological education and training.




From among presented papers, 97 works were published in full in the two volumes of **The Proceedings from the First Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with International Participation.** The plenary lectures were also published in the **Book of Plenary Lectures** as a separate edition.

The results presented and the interest expressed during the Congress made it obvious that intensive environmental research was undertaken during the subject period at ecosystem level in Macedonia and countries in the Region, though growing interest was emerging towards identification of the causes of environmental pollution.

# II КОНГРЕС НА ЕКОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО 25-29.10.2003 година, Охрид, Република Македонија







**Вториот Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество** беше одржан во Охрид, во периодот 25-29 октомври 2003 година. Учесниците на Конгресот ги презентираа своите најнови научни резултати и достигнувања групирани во девет работни секции, и тоа:

1. Терестрични екосистеми;
2. Акватични екосистеми;
3. Зачувување на биодиверзитетот и геодиверзитетот;
4. Агроекологија;
5. Екологија на популации и биоценологија;
6. Еколошки мониторинг;
7. Загадување и заштита на животната средина;
8. Еколошка едукација;
9. Учество на јавноста и НВО-и

Презентираните трудови (вкупно 101 труд) се објавени и отпечатени во 2004 година, во **Зборник на трудови од II Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, 25-29 октомври 2003 година.**

Подеднаков интерес и учество покажаа како научниците од Македонија, така и од другите соседни земји од регионот, како Србија и Црна Гора, Бугарија, Словенија и Романија. Од изнесените презентации во текот на Конгресот, очигледно беше дека научниците од Македонија и пошироко во регионот, во претконгресниот период најголемо внимание и интерес покажуваат кон проучувања насочени кон терестричните и акватичните екосистеми и особено во полето на зачувување на биодиверзитетот и геодиверзитетот.

И покрај напорите на Македонското еколошко друштво да ги поттикне и инспирира многуте невладини еколошки организации од Македонија и регионот да земат учество на конгрес од овој тип, одзивот беше многу мал.

На Конгресот како гости присуствуваа и претставници од Европската еколошка федерација, д-р Линус Свенсон и д-р Пер Енкел од Нордиското еколошко друштво, и д-р Умит Ердем, претседател на Турското еколошко друштво. Основна цел на нивното учество на Конгресот (заедно со неколку други средби) беше обидот да се формира Балканска еколошка федерација која ќе биде рамноправен член на Европската еколошка федерација. Македонското еколошко друштво веќе беше член на ЕЕФ.

# II CONGRESS OF ECOLOGISTS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION 25-29.10.2003, Ohrid, Republic of Macedonia

**The Second Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with International Participation** was held in Ohrid, from 25 to 29 October 2003. The participants presented their latest scientific findings and achievements in nine different sections:

1. Terrestrial ecosystems,
2. Aquatic ecosystems,
3. Biodiversity and geo-diversity protection,
4. Agro-ecology,
5. Populations ecology and biocenology,
6. Ecological monitoring,
7. Pollution and protection of the environment,
8. Ecological education,
9. Public participation and NGOs.

**The Proceedings from the Second Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with International Participation, Ohrid, 25-29 October 2003,** containing 101 presented papers was published in 2004.

Both Macedonian scientists and scientists from the neighbouring countries, such as Serbia, Montenegro, Bulgaria, Slovenia and Romania expressed equally great interest and active participation. According to the works presented during the Congress, it appeared that the focus of the interest of scientists from Macedonia and wider region was directed towards exploration of terrestrial and aquatic ecosystems, with particular accent on biological and geological diversity conservation.

Despite the efforts of the Macedonian Ecological Society to encourage and inspire the many ecological NGOs from Macedonia and countries in the region to take part in the Congress, the turnout was less than impressive.

The Congress was attended by guests such as the representatives of the European Ecological Federation, Dr. Linus Svenson and Dr. Per Enkel from the Nordic Ecological Society and Dr. Umit Erdem, President of the Turkish Ecological Society. The main goal of their participation in the Congress (preceded by several other meetings) was the attempt to form the Balkan Ecological Federation to become an equal member of the European Ecological Federation. Macedonian Ecological Society was already a member of EEF.



# III КОНГРЕС НА ЕКОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО

## и обележување на 80-годишнината од животот на проф. д-р Љупчо Групче и 60 години научна работа, 06-09.10.2007 година, Струга, Република Македонија




**Третиот Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество** беше одржан во Струга, во периодот 6-9 октомври 2007 година. Конгресот воедно ја одбележа и 80-годишнината од животот на професорот д-р Љупчо Групче и шеесет години од неговата активна научна работа. Учесниците на Конгресот можеа да слушнат три пленарни реферати на научници од Албанија, Бугарија и Македонија. Вкупно 185 научници и научни работници од Македонија и соседните земји - Бугарија, Србија, Црна Гора, Албанија, како и Турција, Швајцарија, Германија, Словачка и Хрватска, ги презентираа резултатите од нивните научни истражувања. Во зависност од истражуваната област, научните трудови беа распоредени во девет секции:

1. Популации и заедници (динамика, односи и интеракции; популациска генетика и еволутивна екологија);
2. Терестрични и акватични екосистеми;
3. Биолошка разновидност и конзервациска екологија;
4. Агроекологија;
5. Заштита на животната средина;
6. Урбана екологија;
7. Одржлив развој;
8. Еколошка едукација;
9. Пределна екологија.

Големиот број презентирани трудови укажува на големиот интерес на научната јавност во Македонија и регионот за еколошките истражувања, но исто така и на недостатокот од други научни собири од сродните научни дисциплини кај нас.

Според бројот на презентираните трудови како и според посетеноста на сесиите и обемноста на дискусиите, најголем интерес, како во Македонија така и во регионот, предизвикаа истражувањата од областа на биодиверзитетот и конзервациската екологија, потоа заштитата на животната средина и загадувањето, екосистемската екологија, истражувањата на популациите и заедниците итн. Произлегува дека интересот за решавање на проблемите поврзани со заштитата на животната средина и биодиверзитетот е голем што се должи на апликативноста на ваквите истражувања. За одбележување е дека на овој Конгрес беше значајно и учеството на научни работници од областа на урбаната екологија и пределната екологија, што не беше случај на претходните два конгреси. Очигледно, овие две значајни апликативни дисциплини во управувањето со животната средина се во подем кај нас.

Покрај научните презентации, за истакнување е и присуството на повеќе од шеесет ученички ликовни творби поврзани со екологијата и претставување една активна еколошка секција од средношколци. Треба да се нагласи дека интересот на учениците за учество на Конгресот беше поголем, но голем број од заинтересираните не присуствуваа заради недостаток на средства, односно недоволен интерес на раководствата на училиштата за поддршка на ваков вид активност.

Од презентираните трудови, вкупно 89 комплетни трудови се отпечатени во **Зборникот на трудови од III Конгрес на еколозите на Македонија со меѓународно учество.**

Досегашните конгреси на Македонското еколошко друштво покажаа дека претставуваат вистинска (иако единствена) трибина на која научните работници од областа на екологијата и сродните дисциплини ги презентираат своите научни достигнувања. На конгресите, македонските еколози имаат можност да го проценат нивото на еколошката наука кај нас во однос на земјите од регионот. Објавените работи во зборниците на трудови од конгресите овозможуваат да се процени степенот и достигнувањата на екологијата кај нас и во регионот во однос на светската еколошка наука.

Објавените трудови од трите конгреси на МЕД (зборниците) се поставени на веб-страната на Друштвото (www.mes.org.mk).





# III CONGRESS OF ECOLOGISTS OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA WITH INTERNATIONAL PARTICIPATION

## and marking the 80-Anniversary of Prof. Dr. Ljupčo Grupče's life and 60 years active scientific work, 06-09.10.2007, Struga, Republic of Macedonia

**The III Congress of Ecologists of The Republic of Macedonia with International Participation** was held in Struga between 6 and 9 October 2007. The Congress celebrated the 80th birthday of Ljupcho Grupche, PhD and the 60th anniversary of his active scientific work. Participants of the Congress could attend three plenary lectures of scientists from Albania, Bulgaria and Macedonia. A total of 185 scientists and scholars from Macedonia, Bulgaria, Serbia, Montenegro, Albania, Turkey, Switzerland, Germany, Slovakia and Croatia presented their achievements and scientific research. There were nine sections:



1. Populations and communities (dynamics, relations and interactions; population genetics and evolution ecology);
2. Terrestrial and aquatic ecosystems;
3. Biodiversity and conservation ecology;
4. Agro-ecology;
5. Environmental protection;
6. Urban ecology;
7. Sustainable development;
8. Ecological education;
9. Landscape ecology.

The great number of papers presented reflected the great interest of the scientific community in Macedonia and the region in ecological research, but it also indicated the lack of other scientific gatherings in related fields.

The number of presented papers and the attendance of sessions, as well as the breadth of the discussions concerning biodiversity and conservation ecology were a clear indicator of the focus of the interest in Macedonia and the region. Great interest was also shown in environmental protection and pollution, ecosystem ecology, population and community research etc. The conclusion was that the interest in resolving issues related to environmental protection and biodiversity was due mainly to the applicability of researches of this type.

It should be noted that the interest of scientists for participation in the Congress was greater than earlier, but many of the scientists who had extended their wish to attend could not do so because of financial constraints or insufficient readiness of the managements of schools to support activities of this kind.

**The Proceedings from the III Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with International Participation** contained 89 complete papers.

The congresses of the Macedonian Ecological Society held so far have indicated clearly that they are the real (though the only) forum for the scientists in the field of ecology and other related fields to present their achievements. The congresses are an opportunity for Macedonian ecologists to assess the level of ecological science here as compared to the countries of the region. The papers published in the collections of works from the congress enable further the assessment of the level of ecological achievements in the country and the region as compared to worldwide achievements of ecology as a science.

The published papers from the last three Congresses of the MES (collections) can be found at the Society's website (www.mes.org.mk).





# МЕД македонско еколошко друштво

Во периодот 12-15 октомври 2012 година во Охрид ќе се одржи **IV Конгрес на екологите на Македонија со меѓународно учество.** Конгресот го обележува и прославува јубилејот од 40 години постоење и научно делување на Македонското еколошко друштво. За Конгресот се пристигнати вкупно 183 апстракти, а повеќе од 230 учесници го најавија своето учество на Конгресот.

**The IV Congress of Ecologists of the Republic of Macedonia with international participation** will be held in the period between 12 and 15 October 2012 in Ohrid. This Congress will mark and celebrate the 40th anniversary of the Macedonian Ecological Society, its scientific work and action. This year, more than 230 participants have announced their participation and a total of 183 abstracts have been submitted.

Во рамките на Конгресот ќе се реализира и Симпозиум на студентите по биологија во организација на Истражувачкото друштво на студенти биолози – Скопје, на кој седумнаесет студенти од Македонија и Хрватска ќе ги претстават своите научни истражувања од областа на екологијата.

In the framework of the Congress, we will also organize the Symposium of Biology Students, initiated by the Research Society of Biology Students – Skopje, where seventeen students from Macedonia and Croatia will present their scientific research in fields related to ecology.

Учениците од основните и средните училишта од Македонија ќе дадат свој придонес кон збогатувањето на овој научен собир преку организирање изложба на нивните изработени ликовни творби на тема „Шумите – чувари на природата".

Students from primary and secondary schools from Macedonia will enrich this scientific gathering through organization of exhibition of their painting art works on "Forests – Guardians of Nature".

Во рамките на Конгресот ќе бидат прикажани и два документарни филма: „Во срцето на Балканот - барајќи го рисот" и „Во срцето на Балканот - пеликаните од Преспа Парк".

During the Congress, two documentary film screenings will be shown: "In the Heart of the Balkans – Searching for the Lynx" and "In the Heart of the Balkans – the Pelicans from the Prespa Park".

Паралелно со Конгресот ќе се одржи и работилница за Јадранските прелетни коридори за птиците (Adriatic flayways) во организација на EuroNatur, на која се очекува учество на орнитолози од Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Косово и Македонија.

In parallel with the Congress, we will also hold workshop on the Adriatic Flyways organized by EuroNatur, which will be attended by ornithologists from Slovenia, Croatia, Bosnia and Herzegovina, Montenegro, Serbia, Kosovo and Macedonia.

Исто така, МЕД како академски спонзор и учесник, ќе го промовира светски познатиот конгрес ИНТЕКОЛ кој ќе се одржи во Лондон од 18-23 август 2013 година во организација на Британското еколошко друштво (БЕС) и одбележувањето на стогодишнината од нивното постоење.

Also, MES as the academic sponsor and participant will promote the worldwide recognized Congress INTECOL which will be held in London in the period from 18 to 23 August 2013, organized by the British Ecological Society (BES) and marking of their 100th anniversary.

Бул. Кузман Јосифовски-Питу бр. 28/3-7, 1000 Скопје, тел: 02 2402 773, факс: 02 2402 774
contact@mes.org.mk www.mes.org.mk